## Магда

Огрејала месечина, леле,
крај кулата, при булите.
Сите були ју фереџе,
мома Магда ју елеци.
Па е Магда најубава, леле,
најјубава, најгиздава.
Сите були набелени,
набелени, нацрвени.
мома Магда, ни белена, леле,
ни белена, ни црвена.
па е Магда најјубава,
најјубава, најгиздава.
Сите були ју кондури, леле,
мома Магда ју опинци,
па е Магда најјубава,
најјубава, најгиздава.
Сите були ју кавраци, леле,
мома Магда ју шамија.
Па е Магда најјубава,
најјубава, најгиздава.

## Жаљба за младост

Да знаиш, моме, да знаиш,
како је жаљба за младост,
на порти би ме чекало,
от којна би ме сметнало,
на раце би ме кренало,
по скала би ме качило,
в одаја би ме внесило,
ноѕеве би ми измило,
постеља би ми послало,
до мене би си легнало.

Стари Јано, Лазаре, вино пиет
Стари Јано, Лазаре, вино пијат,

вино пијат, во башчите,
во башчите, под вишните.
Просто стоет – девет синој,
му служеет златна чаша,.
Ми долета едно пиле,
ми нараси – златна чаша.
Прогоори – стари Јано,
- Ај синои, мили синои,
земите си – лак и стрела,
ударите това пиле,
што нар’си – златна чаша.
Отгоори – лапо пиле:
„Не сум пиле – за стрељање,
тук ме прати цар Александар.
Ти си имаш мила ќерка,
тој си имат – мили сина,
вие да се сосватите.“
Пеела М. Антонова)

**Девојче море девојче**

Девојче, море девојче,
шчо ти је бело грлото –
како на филџан д’ното?
Филџанот полн со ракија,
подај го да се напијам.
Подај го да се напијам
да пијам да се опијам,
да пијам да се опијам,
меракот да ми поминит.

На срце му љута змија
На срце ме пие, мила мамо,
една љута змија.
Та не се е била, мила мамо,
таја љута змија,
туку се е севда, мила мамо,
севда црноока.
Севдината снага мила мамо,

штица бичкиџиска,
севдиното лице, мила мамо,
мило јасно с’нце,
севдиното чело, мила мамо,
това рамно поле,
Севдините веѓи, мила мамо,
црни пијавици.

**Абре лудо, аџамијо**

А бре лудо, аџамијо,
абре левен, јабанџијо,
што ми идеш по бел дена,
по бел дена – право пладне?
Што не чекаш мрак да падне?
Дал е Господ темни ноќи,
темни ноќи криви друми-
да не слушам лоши думи.
лоши думи, присмехулки,
от момите по вратите,
од жените по ма’лите,
от мажите по ме’аните.

**Кукни кукувице**

(Љубима песна на Гоце Делчев)
Ајде мори, кукни, кукни,
сињо пиле кукувице, мори,
кукни да не кукнеш!
Ајде море ја да дојдам,
сињо пиле кукувице, мори,
таја рана пролет!

Ајде море да си соберам,
сињо пиле кукувице мори,
се одбор јунаци.
Ајде море да си слегнам,
сињо пиле кукувице мори,
у Солунско поле.
(Пеана од Д. Нетков, штипјанин)

Јосиф Чешмеџиев, композитор, диригент и фолклорист, спаѓа во најзначајните собирачи на македонски народни песни. Со она што го запиша и објави, а уште повеќе со она што остана необјавено по неговата смрт тој заслужува многу повидно место во нашата национална култура.

Роден е на 21 октомври 1890 година во Скопје во стара револуционерна фамилија. Татко му бил управител на епархија. Бил осуден на смрт во 1903 година. Се школувал во Солун каде што бил ученик на Атанас Бадев Се школувал и во Бугарската духовна семинарија во Цариград (Турција) каде што инструменти учел кај Акзенштајн, капелмајстор на султанскиот духовен оркестар. Тука раководен ученички оркестар и ги напишал првите композиции. Во 1908 година во Скопје раководен голем хор и духовен оркестар составен од калфи и чираци. Во 1909 година се запишал на композиција на Државниот конзерваториум во Лајпциг (Германија) каде што завршил во 1913 година. Едно време бил помошник капел мајстор во Хамбуршкиот драмски театар. По Балканските војни заминал во Бугарија каде што остварил значајна просветна дејност особено меѓу македонското население во Бугарија. Како композитор остварил забележителни резултати во областа на хорската песна. Напишал голем број детски песни, песни за мешан хор, направил обработки на македонски и турски песни итн. Автор е на две симфонии и пиеси за оркестар, инструментални пиеси, песни за глас и пијано, масовни и естрадни песни и др. Автор е на учебници по пеење, статии за композитори од областа на музичкиот фолклор итн.

Негови композиции се: 3 симфониски поеми г-мол – 1920, оперите „Тајната на Вардар“ (1918) и „Меглена“ (1924) многу оркестарски творби, кантати, камерни творби, инструментални пиеси, уметнички соло и хорски песни итн. Има запишано и неколку илјади народни песни.

**(Подготви Марко Китевски)**